**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 13.07.2018

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 10 | 3261 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен;

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ.

3. **Период опфатен со надзорот:** 1 јуни 2018 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 11 јули 2018 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);

   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 172/14);

   - **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);

   - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија“ бр.201/14);

   - **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/15);

   - **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/15);

   - **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);

   - **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);

- **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);

- **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа).

6. **Претходно изречена мерка:** Нема;

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ, емитуван на 1 јуни 2018 година, на регионално ниво, **констатирано е прекршување на членот 53 став 2** (*прикриено рекламирање*) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Имено, во реприза од издание на информативната специјализирана програма „Фактор Здравје", емитуван е советодавен разговор со гостин во студио, Марина Релушкоска, дипл. нутриционист вработена во "Виталија - компанија за здрава храна", кој содржи прикриено рекламирање на компанијата и на нејзините производи.

За време на разговорот посветен на здравата исхрана, неоправдано има висок интензитет на промотивна презентација на компанијата Виталија, која вклучува вербална и графичка (слика/текст/поделена слика – split screen) промоција на ново лансирани линии на производи. Водителот зачестено го спомнува името на компанијата, се даваат информации за содржината и присуството на состојки во нивните производи, а гледачите се поттикнуваат да ги посетат просториите за совети и презентација или пак набавка на производи. Со ваквиот новинарски пристап, целината на емисијата има функција на комерцијална презентација.

**1 јуни 2018 год.**

| Наслов на емисијата | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | **Почеток** | **Крај** |
| „Фактор Здравје" – реприза; емисија на тема, Здрав појадок за здрав живот, разговор за здрава исхрана и нутриционизам со Марина Релушкоска, дипл.нутриционист вработена во "Виталија - компанија за здрава храна" | 05:48:47 | 06:17:33 |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ, на 1 јуни 2018 година, во репризното издание на информативната специјализирана програма „Фактор Здравје" емитуваше прикриено рекламирање на компанијата „Виталија" и нејзините производи.

## 9. Предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе се опомене Трговското радиодифузно друштво ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ, и согласно со точката 4 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи веднаш по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор за почитувањето на член 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***